Проектот е финансиран
од Европската Унија

Проектот е спроведуван
од ФАО

**Проект “Воведување на Национална програма за консолидација на земјиште (МАИНЛАНД)”**

# ЕГРИ

КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ИНФРАСТРУКТУРА ВО К.О. ЕГРИ, ОПШТИНА БИТОЛА





**Основна цел на проектот**: Да им се помогне на земјоделците да го решат проблемот со прекумерната расцепканост на земјоделското земјиште, малата површина на земјоделските стопанства и недоволната земјоделска инфраструктура, што ќе придонесе за зголемена ефикасност, продуктивност и конкурентност на земјоделското производство, поголеми можности за модернизација и развој на земјоделските стопанства и подобри услови за живот во руралните средини.

**Период на спроведување на консолидацијата во Егри:** 2016 - 2021
**Донатор:** Европска Унија
**Имплементатор:** Организација на храна и земјоделство при Обединетите нации (ФАО)
**Надлежна институција:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Вредност на консолидацијата и инвестициите во земјоделската инфраструктура во Егри:** 500.000 ЕУР
**Директни корисници:** 214 сопственици на земјоделско земјиште во Егри и локалната рурална заедница
**Површина на земјоделско земјиште:** 336 хектари (ха)
**Вкупен број на парцели пред консолидација:** 874

## ГЛАВНИ РЕЗУЛТАТИ

Егри е првиот проект за консолидација на земјоделско земјиште во Република Северна Македонија по принципот на распределба со промена на границите. Преку групирање на земјишните парцели во сопственост на 214 земјоделци, бројот на парцелите се намали за околу 3.5 пати.

Консолидацијата во Егри вклучува и инвестиции за подобрување на земјоделската инфраструктура: изградба на нови пристапни патишта, изградба на нови и обнова на постојни канали за одводнување и надградба на постојниот систем за наводнување.

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

# ЕГРИ - ПРЕД КОНСОЛИДАЦИЈА




Број на земјишни парцели: **874**

Просечен број на парцели по сопственик: **4**

Просечна големина на парцела: **0.38 ха**

Карактеристики на парцелите:

- **неправилна форма**
- **меѓусебно оддалечени** една од друга
- **ограничен пристап** до патната мрежа и системите за наводнување и одводнување

Карактеристики на постојната земјоделска инфраструктура:

- Недоволни и застарени системи за одводнување и наводнување

# ЕГРИ - ПОСЛЕ КОНСОЛИДАЦИЈА




Број на земјишни парцели: **260**

Просечен број на парцели по сопственик: **1,2**

Просечна големина на парцела: **1.30 ха**

Карактеристики на новите **окрупнети парцели**:

- **правилна форма**
- **подобар пристап** до патната мрежа и до системите за наводнување и одводнување

Инвестиции во земјоделска инфраструктура:

- Нова мрежа на пристапни патишта – **10 км**
- Реконструкција на постоечка мрежа на пристапни патишта – **1 км**
- Изградба на нови и обнова на постојни канали за одводнување – **8,4 км**
- Надградба на постојниот систем за наводнување – **2,5 км**

**КОНТАКТИ**

- **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** тел . 02 3134 477 (локали 109,110,111) е-пошта: info@mzsv.gov.mk
- **Проект “Воведување на национална програма за консолидација на земјиште”** тел. 02 3220 888, е-пошта: FAO-MK@fao.org

**Овој билтен е изготвен со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на овој билтен е единствена одговорност на ФАО и во ниту еден случај не треба да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.**